Victorian Equal Opportunity
& Human Rights Commission

# Вашите права во Викторија и кој може да помогне

## Човекови права

Во Викторија е противзаконски некој да ве дискриминира заради вашата раса, религија, пол, политички верувања и многу други работи. Вие имате и права, како што се право да бидете безбедни, да се постапува со вас на праведен, да ја изразувате вашата религија и да уживате во вашата култура и семејство.

Ова се наречени ‘човекови права’ и секој има исти права во Викторија, каде и да сте родени.

## Дискриминација

Противзаконски е и ако сте третирани различно или неправедно на работа, кога изнајмувате куќа, во училиште, во продавница или ресторан или кога се занимавате со спорт.

Луѓето не смеат да ве третираат неправедно заради:

- Бојата на кожата, култура или раса, семејно потекло или земјата од која сте дојдени
- Вашата религија, религиозни верувања или активности. На пример, луѓето не смеат да ве третираат различно затоа што одите во џамија, синагога или црква. Во ред е и ако немате религиозни верувања
- Онеспособеност, болест или повреда. На пример, ако имате онеспособеност или болест вие може да барате различни работни аранжмани без да бидете казнети и вашиот претпоставен треба да направи разумни аранжмани за да си ја извршувате работата
- Ако сте родител или негувател. На пример, ако се грижите за деца или членови на семејството вие може да барате да работите различно работно време или да имате слободно време за да се грижите за децата или членовите на семејството
- Вашата возраст. На пример, ако барате работа не можат да ви кажат дека сте премногу стар или премногу млад за работата
- Ако сте маж или жена
- Ако сте бремени или доите. На пример, во ред е да доите на јавно место, на пример во кафуле или игралиште за деца, вие може да изберете да работите кога сте бремени или доите
- Сексуални активности кои не се противзаконски. На пример, вие не смеете да бидете третирани неправедно заради особата со која имате секс
- Заради вашата сексуална или полова определеност. На пример, хомосексуалец, лезбејка, бисексуалец, транссексуалец, трансгендер и хетеросексуалец сите имаат исти права
- Ако сте во брак или не. Не е важно дали сте во брак, разведени, немажени/неженети или живеете заедно, вие мора да бидете третирани праведно
- Заради вашите телесни карактеристики. На пример, вие не смеете да бидете третирани неправедно заради висината, тежината, големината, косата или обележја од раѓање
- Заради ваши акции за права на работа. На пример, вие не смеете да бидете отпуштени или казнети ако поставувате прашања или зборувате за проблеми кои ги имате на работа

- Заради активности во синдикат. На пример, вие не смеете да бидете отпуштени затоа што сте член на синдикат или ако штрајкувате
- Заради политика, политички верувања или активности или ако не сте вклучени во политички активности

Противзаконски е и да третирате некого различно заради било која од горенаведените причини.

Ако сакате повеќе информации за човековите права или за дискриминација и што може да сторите ако ви треба помош, може да се јавите на Комисијата на **1300 292 153** или за преведувач јавете се на **1300 152 494**.

Вие не смеете да бидете казнети или да бидете третирани неправедно ако побарате помош од нас или ако се жалите, и само лицата вклучени во поплаката ќе знаат за тоа. Поднесување на жалба не значи дека ќе мора да одите на суд.

Вие може да појдете и на **humanrightscommission.vic.gov.au** за повеќе информации. Ние пружаме и бесплатни информации за вашите права на јавни места, на работа и во врска со владини организации.

Victorian Equal Opportunity & Human Rights Commission

## Need more information?

Contact the Commission:

| | |
|---|---|
| Enquiry Line | 1300 292 153 or (03) 9032 3583 |
| Fax | 1300 891 858 |
| TTY | 1300 289 621 |
| Email | enquiries@veohrc.vic.gov.au |
| Website | humanrightscommission.vic.gov.au |


## Accessible formats

This publication is available to download from our website at humanrightscommission.vic.gov.au/resources in PDF and RTF. Please contact the Commission if you require other accessible formats.

## We welcome your feedback!

Were these resources useful? Easy to use? Would you like to see something else included? Please email us at communications@veohrc.vic.gov.au.

Published by the Victorian Equal Opportunity and Human Rights Commission, Level 3, 204 Lygon Street, Carlton Victoria 3053. May 2013.

Disclaimer: This information is intended as a guide only. It is not a substitute for legal advice.